## ЗАКЛУЧОЦИ ОД ТРИБИНАТА „СКОПЈЕ - ОДРЖЛИВ ГРАД"

На 17 декември 2008 година, /среда/, во Музејот на град Скопје се одржа трибина на тема „Скопје – одржлив град". Трибината беше во организација на Форумот на НВО на Град Скопје и Град Скопје.

На Трибината како вовед во дискусијата се покренаа темите за пристап и карактеристики на одржливи градови, одржив развој на Скопје, превземени активности во врска со подготовка на Просторниот план за регионот Скопје  и новите концепти за одржив урбан транспорт.

Излагањата на воведничарите предизвикаа дискусија насочена кон давање на предлози за предусловите кои се потребни да се обезбедат со цел да имаме одржлив урбан развој, односно развој на одржливи градови.

Беше истакнато дека во последните децении, трендовите во развојот на урбаните простори се карактеризираат со: голема миграција кон урбаните средини и создавање големи конгломерати на луѓе на еден тесен простор, намалување бројот на семејства што егзистираат од земјоделие во руралните средини, зголемување на преработувачката индустрија и процентот на граѓани што се занимаваат со  услуги, промена на образовната структура, промена на стандардите на живеење – зголемена потрошувачка на стоки, вода,  енергија и други ресурси, создавање големи количества на комунален смет, медицински отпад, отпад од преработувачките капацитети, отпадни води со значајни содржини на хемикалии, голема т.н. дневна деловна миграција. Сето тоа е пропратено со потрошувачка на енергија, која за жал сé уште главно се добива од фосилни горива, што негативно влијае на животната средина, која има ограничен капацитет за природно рециклирање.

Состојбите во нашиот град не се многу поразлични од оние во светот. Дали Скопје е одржлив град, беше прашање на кое се прават обиди да се даде одговор. За обезбедување на одржлив урбан развој, активностите треба да се насочат првенствено кон обезбедување:

- Добро владеење со урбанизмот;
- Просторно планирање;
- Усвоен систем за користење на земјиште;
- Усвоена правна рамка;
- Соодветно финансирање;
- Соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор;
- Учество на јавноста и
- Едукација, тренинг и навремено информирање.

Од излагањата на воведничарите и дискусиите на присутните на трибината, се донесоа следните заклучоци:

# Заклучоци

1. Градот Скопје, како главен град на Република Македонија претставува сложена и важна урбана средина, чие одржување и развој бараат високо-стручна и одговорна работа.

2. Одржливиот развој, подразбира состојба и оценка на развој на:

   - физичкиот раст на градот;
   - расположивите и потребните стручни кадри, структурата на
   - занимања;
   - собраќајот, транспорт на стоки и луѓе;
   - културата, трговијата, туризмот и угостителството;
   - оценка на капацитетите на природата и природните ресурси;
   - заштеда на енергии и суровини – енергетска ефикасност;
   - рециклирање;
   - обновливи и еколошки чисти енергенти;
   - зголемување на сигурноста и превентивната здравствена заштита во Градот и
   - оценка и состојби во други области од животот во Градот.

3. За да се обезбеди квалитетен развој, од кој градот Скопје ќе прерасне во ценета метропола во срцето на Балканот, треба да се превземат сериозни мерки во кои ќе преовладуваат стручни и екпертски оценки, базирани на релеватни податоци и почитување на современите стандарди.

4. На субјектите што одлучуваат треба да им се подготвуваат и доставуваат квалитетни и непристрасни предлози. Предлозите што ќе произлегуваат од анализите и оценки, треба да имаат алтертиви, а за секоја алтернатива, посебна СВОТ анализа, во кои ќе се потенцираат економските, еколошките и социјални елементи – капацитети, можности, слабости, закани, ... за секој од дадените алтернативи.

5. Урбанистичките планови на ниво на ГУП и ДУП, да се менуваат по сеопфатна стручна анализа на сите фактори од одржливиот развој. Измените и дополнувањата на плановите треба да се даваат на јавна граѓанска и стручна оценка, од што би произлегле забелешки и предлози, кои понатаму треба да се достават до надлежните на нивно понатамошно разгледување. Заклучоците од надлежните органи треба да содржат образложение, како за нивно прифаќање, така и образложение за причините за отфрлување.

6. За да се овозможи соодветна оценка на предложеното и/или алтернативите, надлежните треба да прибираат, соодветно обработуваат и ставаат на јавен достап повеќе информации и податоци поврзани со функциите во градот.